**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА
## за изменување на Програмата
## за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје,
## за 2023 година

**Скопје, ноември 2023 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 10 став 1 точка 7 од Законот за градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и бр.158/11), Советот на Град Скопје на _______седница, одржана на __.__.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје, за 2023 година**

**I.** Во Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/22), во Глава IV Финансирање – распоредување на буџетски средства, се вршат следните изменувања и тоа:

**1.** Во ставот 1, вкупниот износ од 15.200.000 денари се брише и се менува со вкупен износ од 42.200.000 денари.

**2.** Во потточката 6, износот од 2.000.000 денари, се менува со износ од 29.000.000 денари.

**3.** Вкупниот износ на целата програма од 15.200.000 денари, се менува со износ од 42.200.000 денари.

**II.** Оваа ПРОГРАМА влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________

__.__. 2023 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,

**Трајко Славески**

______________

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 36 од Законот за локалната самоуправа, утврдена е надлежноста на Советот.

Согласно член 10 став 1 точка 7 од Законот за градот Скопје, една од надлежностите на Град Скопје е спортот.

Врз основа на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2023 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/22), се предлага изменување на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2023 година.

Измената на Програмата е врз основа на усвоениот амандман бр.27-10051/2 на 8 вонредна седница на Советот на Град Скопје одржана на 05 октомври 2023 година, кој предвидува дополнителни 12.000.000 денари за поддршка на квалитетни спортски клубови и организации од областа на спортот кои функционираат на територијата на град Скопје, а имаат постигнато европски и светски успеси со кои станале своевиден бренд на град Скопје, како и врз основа на изменувањето и дополнувањето на буџетот на Град Скопје за 2023 година, за што се предвидени дополнителни 15.000.000 денари за доделување на финансиски средства за разни трансфери (на младински здруженија, спортски здруженија и организации од областа на спортот и младите).

Согласно погоре наведеното, се предлага на Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2023 година.